Врз основа на член 191, став (5) од Законот за енергетика* („Службен весник на Република Македонија“ бр.96/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.96/19), и член 10, ставови (6) и (8) од Правилникот за повластени производители коишто користат повластена тарифа („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.116/19 и 93/21), Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија на седницата одржана на 3 јануари 2022 година, донесе

**РЕШЕНИЕ ЗА ПРОДОЛЖУВАЊЕ НА ВАЖНОСТА НА РЕШЕНИЕТО ЗА СТЕКНУВАЊЕ НА ПРИВРЕМЕН СТАТУС НА ПОВЛАСТЕН ПРОИЗВОДИТЕЛ**

1. Со ова решение важноста на Решението за стекнување на привремен статус на повластен производител УП1 бр.08 - 58/19 („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.147/19 и 25/21) на Друштвото за производство на електрична енергија МАКБЕЛ ХИДРО ДОО Охрид, се продолжува до 25 јануари 2023 година согласно Анекс бр.2 на Договор за концесија за користење на вода за производство на електрична енергија од мали хидроелектрични централи, МХЕЦ Караниколос, бр. 11 - 692/1 од 25 јануари 2018 година склучен помеѓу Министерството за животна средина и просторно планирање бр.11-5572/2 од 3 декември 2021 година и Друштвото за производство на електрична енергија МАКБЕЛ ХИДРО ДОО Охрид со бр. 03-68 од 19 ноември 2021 година со кој е продолжен рокот за започнување со комерцијална работа на објектот.
2. Ова решение се доставува до Друштвото за производство на електрична енергија МАКБЕЛ ХИДРО ДОО Охрид, Министерството за економија, Министерството за животна средина и просторно планирање, Агенцијата за енергетика на Република Северна Македонија, операторот на пазарот на електрична енергија и операторот на електродистрибутивниот систем.
3. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, се објавува во „Службен весник на Република Северна Македонија“ и на веб страницата на Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија, а ќе отпочне да се применува од 26 јануари 2022 година.

**О б р а з л о ж е н и е**

Друштвото за производство на електрична енергија МАКБЕЛ ХИДРО ДОО Охрид, со седиште на ул. 7-ми ноември бр.187 Охрид, согласно член 10 став (2) од Правилникот за повластени производители коишто користат повластена тарифа на 29 декември 2021 година до Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија (во понатамошниот текст: Регулаторна комисија за енергетика) поднесе Барање за продолжување на важноста на решението за стекнување на привремен статус на повластен производител за хидроелектроцентралата „МХЕЦ Караниколос“ со реф.бр.80 со планирана моќност од 1200 kW и со локација на водослив на река Пена, КО Вешала, општина Тетово на Друштвото за производство на електрична енергија МАКБЕЛ ХИДРО ДОО Охрид, УП1 бр.08 - 58/19.

Регулаторната комисија за енергетика на 15 јули 2019 година одржа седница на која донесе Решение за стекнување на привремен статус на повластен производител за хидроелектроцентралата „МХЕЦ Караниколос“ со реф.бр.80 со планирана моќност од 1200 kW и со локација на водослив на река Пена, КО Вешала, општина Тетово (согласно Договор за концесија за користење на вода за производство на електрична енергија од мали хидроелектрични централи, МХЕЦ Караниколос со реф. бр.80, склучен помеѓу Министерството за животна средина и просторно планирање бр.11-692/1 од 25 јануари 2018 година и Друштвото за производство на електрична енергија МАКБЕЛ ХИДРО ДОО Охрид), УП1 бр.08 - 58/19,

објавено во „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.147/19, кое е со рок на важност до 25 јануари 2021 година.

Регулаторната комисија за енергетика на 28 јануари 2021 година одржа седница на која донесе Решение за продолжување на важноста на решението за стекнување на привремен статус на повластен производител стекнување на привремен статус на повластен производител за хидроелектроцентралата „МХЕЦ Караниколос“ со реф.бр.80 со планирана моќност од 1200 kW и со локација на водослив на река Пена, КО Вешала, општина Тетово, со рок на важење до 25 јануари 2022 година (согласно Анекс на Договор за концесија за користење на вода за производство на електрична енергија од мали хидроелектрични централи, МХЕЦ Караниколос, со реф. бр.80, бр. 11 - 692/1 од 25 јануари 2018 година склучен помеѓу Министерството за животна средина и просторно планирање бр.11-337/1 од 15 јануари 2021 година и Друштвото за производство на електрична енергија МАКБЕЛ ХИДРО ДОО Охрид со бр. 03-53/1 од 25 декември 2020 година со кој е продолжен рокот за започнување со комерцијална работа на објектот), УП1 бр.08 - 58/19, објавено во „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.25/21.

Друштвото за производство на електрична енергија МАКБЕЛ ХИДРО ДОО Охрид на 29 декември 2021 година до Регулаторната комисија за енергетика достави Анекс бр.2 на Договор за концесија за користење на вода за производство на електрична енергија од мали хидроелектрични централи, МХЕЦ Караниколос, бр. 11 - 692/1 од 25 јануари 2018 година склучен помеѓу Министерството за животна средина и просторно планирање бр.11-5572/2 од 3 декември 2021 година и Друштвото за производство на електрична енергија МАКБЕЛ ХИДРО ДОО Охрид со бр. 03-68 од 19 ноември 2021 година со кој е продолжен рокот за започнување со комерцијална работа на објектот во кој е наведено дека рокот за започнување со комерцијална работа на објектот се продолжува до 25 јануари 2023 година.

По доставената документација од 29 декември 2021 година, Регулаторната комисија за енергетика утврди дека поднесеното Барање за продолжување на важноста на Решението за стекнување на привремен статус на повластен производител за хидроелектроцентралата „МХЕЦ Караниколос“ со реф.бр.80 е комплетно и оправдано, и ја продолжи постапката со одржување на седница на којашто се одлучи како во диспозитивот на ова решение.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против ова решение може да се поведе управен спор, во рок од 30 дена од денот на приемот.

**УП1 бр. 08-58/19**
**3 јануари 2022 година**
**Скопје**

**Претседател на Регулаторна комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија**

**Марко Бислимоски**